Бр./Nr 12-22/4
26-07-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-22/1 од 03.01.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-22/1 од 03.01.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-22/1 од 03.01.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско вработување на службено лице /// во ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара испитување на наводите од страна на Државен инспекторат за труд на РСМ и од добиените податоци, информации и докази, произлезе дека нема незаконитости при вработувањето на горе означеното службено лице во ///. Државниот инспекторат за труд на РСМ во Записникот за извршен инспекциски надзор /// бр. /// од /// година констатирал дека не се утврдени никакви неправилности при вработувањето на службеното лице, заради што ДКСК оцени дека предметот нема елементи за

натамошно постапување. Имено, вработувањето на горе посоченото службено лице е извршено врз основа на Одлука за потреба од засновање на работен однос, заведена под арх. бр. /// од /// година, за /// извршители, меѓу кои под ал. /// од оваа Одлука и за вработување на 1 извршител на работно место ///. Ова по добиена Согласност заведена под арх. бр. /// од /// година од Министерство за финансии на РСМ, за обезбедени финансиски средства. Јавниот оглас бил објавен во /// на албански јазик и во /// на македонски јазик, на /// година. Рокот за пријавување бил испочитуван, а ова според Одлука заведена под арх. бр. /// од /// година, за избор на кандидати по предметниот јавен оглас. Трудовиот инспекторат на РСМ констатирал дека избраниот кандидат ги исполнувал пропишаните услови во делот на општите и посебните компетенции за работното место како и дека работниот однос бил заснован со склучување на Договор за вработување на неопределено време бр. /// од /// година помеѓу горе посочените службено лице и работодавач и прием во работен однос е извршен со пријава М1/М2 од /// година.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот на пријавата